# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Вторник, 15 март 1966
Скопје
Број 7 Год. XXII

Претплатата за 1966 год. изнесува 45 (4.500) дин. Овој број чини 0,48 (48) дин. Жиро сметка број 401-1-698

**34.**

Врз основа на член 24 од Законот за републичките органи на управата („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), Извршниот совет донесува

### УРЕДБА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ РАБОТИ ШТО ГИ ВРШИ ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ НА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Дирекцијата за заеднички служби на републичките органи (Дирекција) ги врши за републичките органи на управата и органите и организациите што вршат работи од општ интерес за Републиката (органи), по меѓусебна спогодба, работите на сметководството, економатот, примањето и отпремањето на поштата, препишувањето и умножувањето.

Дирекцијата може работите од претходниот став да ги врши и за потребите на други органи и организации по меѓусебна спогодба.

Член 2

Со спогодбата се уредуваат односите меѓу Дирекцијата и органите, а особено начинот на обезбедувањето на средства за вршење на редовна дејност, надоместокот за извршените услуги и друго.

Подвижните предмети на опремата што служеле за извршување на работите од член 1 од оваа уредба што ќе ги врши Дирекцијата, органите ќе ги пренесат на Дирекцијата според одредбите на член 29 и 31 од Основниот закон за средствата за работа на органите на управата („Службен лист на СФРЈ" бр. 46/64).

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-490/1
11 март 1966 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с. р.

**35.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за мелиоративните системи чија изградба се финансира со учеството на Федерацијата („Службен весник на СРМ" бр. 4/66), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКИТЕ ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА МЕЛИОРАТИВНИТЕ СИСТЕМИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Се именуваат за членови на комисијата што ќе ги утврди материјално-финансиските права и обврски на Дирекцијата за мелиоративните системи во Социјалистичка Република Македонија:

а) За претседател:
Благоја Бундалевски, референт за ликвидација и загуби во стопанството во Републичкиот секретаријат за финансии;

б) За членови:
Инж. Божо Шердеиковски, асистент на Техничкиот факултет во Скопје; и
Филип Лазаревски, дипломиран правник во Секретаријатот за законодавство и организација.

II. Комисијата ќе ја заврши работата најдоцна до 1. VII. 1966 година.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-605/1
7 март 1966 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**36.**

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за адвокатурата („Службен лист на ФНРЈ" бр. 15/57 и „Службен лист на СФРЈ" бр. 51/65), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФАТА ЗА НАГРАДИТЕ И НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТАТА НА АДВОКАТИТЕ

1. Се дава согласност на Тарифата за наградите и надоместокот на трошоците за работата на адвокатите што ја донесе Собранието на Адвокатската комора на Македонија на 19 декември 1965 година.

2. Ова решение со Тарифата ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-606/1
11 март 1966 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с. р.

**37.**

Врз основа на член 1 од Законот за измена и дополнение на Законот за адвокатурата („Службен лист на СФРЈ" број 51/65), Адвокатската комора на Македонија, на своето вонредно собрание, одржано на ден 19 декември 1965 година во Скопје, донесе

## ТАРИФА ЗА НАГРАДИТЕ И НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТАТА НА АДВОКАТИТЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа тарифа се одредува висината на наградите, кои припаѓаат на адвокатите за работата во вршење на адвокатурата и висина на надоместот на трошоците во врска со таа работа.

Член 2

Адвокатот може со странката да ја уговори наградата и надоместот на трошоците само во висина на износи одредени во оваа тарифа.

Договорот за наградата и надоместот на трошоците може да гласи само во износи на пари-динари.

Ако адвокатот со работна или друга организација заклучил договор за стално застапување, наградата може да биде договорена во месечни износи.

Адвокатот не може да уговори за награда и трошоци да му припадне дел од барањето на странката, кое треба да биде остварено во судска, управна или друга постапка.

Член 3

Наградата за составување на поднесоци, наведени во оваа тарифа или за одбрана на тужен, која што бара обимна припремна работа и разгледување на материјалот, адвокатот може со писмена спогодба со странката да здоговори и поголем износ од наградата пропишана со оваа тарифа, но најмногу до двоен износ.

### II. НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ

Член 4

На адвокатот ќе му припадне надомест на трошоци за стварни издатоци, кои биле потребни за извршување на поверената му работа.

За трошоци, кои треба да се надоместат, спаѓаат и издатоците за поштенски, телефонски и банчини услуги.

Член 5

За вршење работа вон од седиштето на адвокатската канцеларија, кога местото на работата е оддалечено повеќе од 10 километри, на адвокатот ќе му припадне, на име патни трошоци, надомест за превоз, дневница и надомест за отсаствување од канцеларијата.

Член 6

Адвокатот има право на надомест на трошоци за превоз во висина на цената на возната карта од прва класа на експресен воз или брод, односно во висина на цената на возна карта на останатите јавни сообраќајни средства, а на надомест на трошоци на превоз со авион само ако се странката согласи да се патувањето изврши со авион.

Надоместот од претходниот став припаѓа на адвокатот во висина на превозни трошоци за патување извршено по најкраток пат.

Адвокатот има право на користење кола за спиење, ако патувањето се обавува преку ноќ и ако по доаѓањето во определеното место треба непосредно да пристапи кон извршување на работата, за која е ополномоштен.

Ако патот, кој треба да го мине, нема сообраќајни средства, на адвокатот ќе му припадне надомест во вид на километража — од 0,80 динари за секој започнат километар.

Надоместот од претходниот став му припаѓа на адвокатот, ако на соодветната релација, кај што го обавил патувањето, постојат во сообраќајот такви превозни средства, во противно на адвокатот му припаѓа само надомест на стварно направени трошоци.

Член 7

На адвокатот му припаѓа дневница во висина на дневница на судија на окружен суд.

Доколку патува за сметка на работна организација, адвокатот има право да пресмета патни и дневни трошоци по правилникот на таа организација.

Полн износ на дневница ќе му припадне на адвокатот ако на патување се задржал повеќе од дванаесет часа, а половина од тој износ ако на пат се задржал повеќе од осум, а помалку од дванаесет часа.

Член 8

На адвокатот му припаѓа посебен надомест за отсаствување од канцеларијата во износ од 50 динари дневно, ако на пат поминал повеќе од осум часа, а половина од тој износ, ако на пат се задржал повеќе од четири, а помалку од осум часа, вон седиштето на канцеларијата.

Член 9

Управниот одбор на Адвокатската комора има право да испитува дали се адвокатите при уговарање и наплата на наградата и наградата на трошоците придржуваат кон одредбите на оваа тарифа.

### III. ИСПЛАТИ

Член 10

Наградите се исплатуваат во готови пари, по правило по извршената работа.

Адвокатот може со странката да се договори да му таа однапред исплати примерен износ на име награда.

Адвокатот има право да бара странката однапред да положи потребен износ за трошоци.

Член 11

За лица на кои што судот признава ослободување од плаќање на такси и трошоци поради невозможност на наплата, имаат право на пружање бесплатна правна помош, или спрема таквите лица адвокатот може да ја примени тарифата за 50% намалена.

Член 12

При секое примање на пари, адвокатот е должен да издаде признаница на странката, во која треба да биде наведен и износот на примањето.

Ако адвокатот изврши повеќе работи за странката, должен е да и издаде писмен трошковник за наградата и трошоците.

## IV. ТАРИФА

## I. НАГРАДИ ЗА РАБОТА ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

**Составување на поднесоци**

Тар. бр. 1

За составување на поднесоци во кривична постапка, на адвокатот му припаѓа награда и тоа:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) | за приватна тужба | од | 20 | до | 40 дин. |
| 2) | за обвинителни предлози на оштетениот како супсидиарен тужител од надлежност на општински суд | од | 20 | до | 40 дин. |
| 3) | за тужба по Законот за штампа, оптужница и приговори против оптужници | од | 40 | до | 60 дин. |
| 4) | за кривични пријави, молби за одлагање и извршување на казни, молби за пуштање на условен отпуст, како и за други поднесоци | од | 20 | до | 40 дин. |
| 5) | молби за помилување | од | 20 | до | 40 дин. |

**Одбрана на обвинетиот**

Тар. бр. 2

За одбрана на обвинетиот на адвокатот му припаѓа награда во сите случаи кога претресот почнува од почетокот:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) | пред судија поединец на општински суд | од | 20 | до | 50 дин. |
| 2) | пред совет на општински суд | од | 50 | до | 150 дин. |
| 3) | пред совет на троица на окружен суд и првостепенен воен суд | од | 150 | до | 200 дин. |
| 4) | пред совет на петорица на окружен суд или воен суд | **од** | **200** | **до** | **400 дин.** |

Кога брани повеќе лица, на адвокатот му припаѓа награда зголемена за 50% за второто и секое понатамошно лице. Во тој случај вкупниот износ на наградата се дели на еднакви делови спрема бројот на обвинетите.

Ако по подигнување на обвинение, обвинителен предлог или приватна кривична тужба, а пред да се изведат докази на главен претрес, дошло до запирање на постапката, на адвокатот му припаѓа награда во висина од 50% од износот на наградата на овој тар. број.

Награда по овој тар. бр. припаѓа на адвокатот и за одбрана на претрес пред второстепенен суд.

**Застапување на оштетен, приватен тужител и оштетениот како супсидиарен тужител**

Тар. бр. 3

1) за застапување на приватен тужител, оштетениот како супсидиарен тужител или оштетениот кога јавниот обвинител не присаствува на главниот претрес, на адвокатот му припаѓа еднаква награда како и на бранителот (Тар. бр. 2).

2) за застапување на оштетен, на адвокатот му припаѓа 50% од износот од став 1 на овој тар. бр.

Во поглед на наградата за застапување по овој тар. бр., кога адвокатот застапува две или повеќе оштетени лица, кои поставуваат самостојни барања, се применува став 1 од тар. бр. 2.

Награда од овој тар. бр. припаѓа на адвокатот и за застапување пред второстепенен суд.

Тар. бр. 4

**Правни лекови**

1) на адвокатот му припаѓа награда за составување жалба на обвинет против пресуда:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а) | пред судија поединец на општински суд | од | 20 | до | 50 дин. |
| б) | пред совет на општински суд | од | 50 | до | 120 дин. |
| ц) | пред окружен суд, првостепенен воен суд и врховен суд на република | од | 100 | до | 200 дин. |

2) за составување на одговор на жалба, на адвокатот му припаѓа 50% од наградата на став 1 од овој тар. бр.

Тар. бр. 5

1) на адвокатот му припаѓа награда за составување на жалба за приватен тужител и на оштетениот како тужител против пресуда:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а) | пред судија поединец на општински суд | од | 20 | до | 50 дин. |
| б) | пред совет на општински суд | од | 50 | до | 120 дин. |
| ц) | пред окружен суд и првостепенен воен суд | од | 100 | до | 200 дин. |

2) за составување одговор на жалба, на адвокатот му припаѓа 50% од наградата на став 1 од овој тар. бр.

3) за составување жалба на оштетен против пресуда, на адвокатот му припаѓа 50% од наградата од ст. 1 на овој тар. бр.

Тар. бр. 6

1) на адвокатот му припаѓа награда за составување на предлог за да се покрене захтев за заштита на законитоста и за предлог за повторување на постапката по предмет од надлежност:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а) | пред судија поединец на општински суд | од | 20 | до | 50 дин. |
| б) | пред совет на општински суд | од | 50 | до | 100 дин. |
| ц) | пред окружен суд, првостепен воен суд и врховен суд на република | од | 100 | до | 200 дин. |

2) за составување предлог за вонредно ублажување на казна — 50% од износот на наградИ од став 1 на овој тар. бр.

Тар. бр. 7

На адвокатот му припаѓа награда за составување на жалба против решение, ако жалбата се изјавува:

1) против решение за примена на воспитно-поправна мерка, за примена мерка за безбедност, упатување во завод за чување и лекување, за одбивање на захтев за повторување на постапката, која ја донел:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| а) општински суд | од | 20 | до | 40 дин. |
| б) окружен суд | од | 50 | до | 80 дин. |

2) против останати решенија кои ги донел:

| | |
|---|---|
| а) општински суд | 20 дин. |
| б) окружен суд | 30 дин. |

## II. НАГРАДА ЗА РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ ЗА СТОПАНСКИ ПРЕСТАПИ

### Поднесување поднесоци

Тар. бр. 8

За составување поднесоци по предмети на стопански престапи, на адвокатот му припаѓа:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1) образложени поднесоци со чињенични наводи и со правно образложение како и одговор на оптужниот предлог | од | 50 | до | 150 дин. |
| 2) други поднесоци | од | 20 | до | 30 дин. |

### Одбрана

Тар. бр. 9

На адвокатот му припаѓа награда за одбрана по предмети на стопански престапи од надлежност:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| а) окружен стопански суд | од | 50 | до | 150 дин. |
| б) виши стопански суд | од | 100 | до | 250 дин. |

Ако адвокатот истовремено ја брани стопанската организација и одговорното лице во стопанската организација, за одбрана на секое лице му припаѓа по 50% од износот на наградата од претходниот став.

За одредување на наградата, кога адвокатот брани две или повеќе стопански организации, се применува ст. 2 од тар. бр. 2.

Ако по покренувањето на оптужницата, односно оптужениот предлог, а пред изведување на докази на главен претрес, дошло до запирање на постапката, на адвокатот му припаѓа награда во висина од 50% од износот на наградите од став 1 на овој тар. број.

### Правни лекови

Тар. бр. 10

1) за составување жалби, предлози за покренување на захтев за заштита на законитоста и за предлог за обнова на постапката, на адвокатот му припаѓа награда од тар. бр. 9.

2) за составување одговор на жалба и на жалби против решенија — 50% од износот на наградата од тар. бр. 9.

## III. НАГРАДА ЗА РАБОТА ВО ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

### Составување на тужби

Тар. бр. 11

1) на адвокатот му припаѓа награда за составување на тужба, ако вредноста на спорниот предмет е:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| до | 200 | | | 15 дин. |
| од | 200 | до | 300 | 20 дин. |
| од | 300 | до | 400 | 25 дин. |
| од | 400 | до | 500 | 30 дин. |
| од | 500 | до | 750 | 35 дин. |
| од | 750 | до | 1.000 | 40 дин. |
| од | 1.000 | до | 1.500 | 45 дин. |
| од | 1.500 | до | 2.000 | 50 дин. |
| од | 2.000 | до | 3.000 | 55 дин. |
| од | 3.000 | до | 4.000 | 60 дин. |
| од | 4.000 | до | 5.000 | 65 дин. |

од 5.000 до 10.000—65 + 0,5% на износ преку 5.000 дин.

од 10.000 до 15.000 — 90 + 0,3% на износ преку 10.000 дин.

од 15.000 до 20.000 — 105 + 0,2% на износ преку 15.000 дин.

преку 20.000 — 115 + 0,1% на износ преку 20.000 дин., а најмногу до 300 динари.

2) за тужби, на чии основ е издаден платен налог, наградата изнесува 50% од износот на наградата од ст. 1 на овој тар. број, со тоа да не може да биде помала од 10 динари, ни поголема од 50 динари.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3) за спорови заради смеќавање на посед или во спорови за службеност | од | 20 | до | 50 дин. |
| 4) станбени спорови (откази, иселување, утврдување) | од | 30 | до | 50 дин. |
| 5) спорови за развод или поништување на брак, за постоење или непостоење на брак | од | 40 | до | 80 дин. |
| 6) во спорови за утврдување или оспорување на очинство | од | 30 | до | 50 дин. |
| 7) во спорови за работни односи заради поништување на отказ и сл. | од | 30 | до | 50 дин. |

Во колку адвокатот застапува две или повеќе странки, му припаѓа за втората и секоја натамошна странка, зголемување во висина од 10%.

## ОСТАНАТИ ПОДНЕСОЦИ

Тар. бр. 12

1) за составување на одговор на тужба, приговор против платен налог и образложени припремни поднесоци, во кои се одговара на наводите од приговорот или на наводите од одговорот на тужбата, на адвокатот му припаѓа награда како за составување на тужба од тар. бр. 11, ст. 1, 3, 4, 5 и 6.

2) за составување предлози за враќање во предходна постапка, за составување на предлог за издавање привремени мерки за обезбедување, како и за останати привремени поднесоци од став 1, на адво-

катот му припаѓа 50% од износот за награди од став 1 од овој тар. број.

3) за составување останати поднесоци — 25% од износот на награди од став 1 на овој тар. број.

Во колку адвокатот застапува две или повеќе странки, му припаѓа зголемување на наградата за второта и секоја натамошна странка во висина од 10%.

**Застапување на рочиште**

Тар. бр. 13

За застапување на рочишта, на адвокатот му припаѓа:

1) за секое рочиште, на кое се расправало за главниот предмет — еднаков износ на награда како во тар. бр. 11 став 1, 3, 4, 5, 6 и 7,

2) за рочиште, на кое се расправало само за процесни прашања, или за рочиште, на кое пред да се расправа за главниот предмет, постапката се завршила со повлекување на тужбата или со постигнување на спогодба или со пресуда на основа признание — 50% од износот на наградата од т. 1 на овој тар. бр.

Во колку адвокатот застапува две или повеќе странки, му припаѓа зголемување од 10% за второта и секоја натамошна странка.

Награда од овој тар. бр. му припаѓа на адвокатот и за присаствување, вештачење или увиѓај.

Награда од овој тар. бр. му припаѓа на адвокатот и за застапување на расправи пред второстепенен суд.

**Правни лекови**

Тар. бр. 14

1) за составување правни лекови (редовни и вонредни) против пресуда, како и против решенија во парници поради смеќавање на посед, на адвокатот му припаѓа награда, како и за составување на тужба од тар. бр. 11, ст. 1, 3, 4, 5, 6 и 7,

2) за составување одговор на жалба или ревизија, на адвокатот му припаѓа 50% од износот на наградите од став 1 на овој тарифен број,

3) за составување жалба против останати решенија, на адвокатот му припаѓа 50% од износот на награда од став 1 на овој тарифен број.

Во колку адвокатот застапува две или повеќе странки, му припаѓа зголемување во износ од 10% за второта и секоја натамошна странка.

## V. НАГРАДА ЗА РАБОТА ВО ВОНПАРНИЧНА ПОСТАПКА

**Составување на поднесоци**

Тар. бр. 15

1) за составување на поднесоци, со кои се покренува постапка за делба на заеднички имот или утврдување права за замена на стан, на адвокатот му припаѓа награда како за составување на тужба од тар. бр. 11, ст. 1 и 4,

2) за составување поднесоци, по кои се покренува постапка за расправање на оставина, или постапка за амортизација на исправи, на адвокатот му припаѓа 50% од износот на наградата од тар. бр. 11, став 1.

3) за составување останати поднесоци во вонпарнична постапка од 10 до 20 дин.

Во колку адвокатот застапува две или повеќе странки, му припаѓа зголемување од 10% за второта и секоја натамошна странка.

**Застапувања на рочишта**

Тар. бр. 16

За застапување на рочишта, на адвокатот му припаѓа награда како по тар. бр. 11, ст. 1 и 4.

Во колку адвокатот застапува две или повеќе странки, му припаѓа зголемување на наградата од 10% за второта и секоја натамошна странка.

**Правни лекови**

Тар. бр. 17

1) за составување на правни лекови (редовни и вонредни) на адвокатот му припаѓа награда како по тар. бр. 11, ст. 1 и 4,

2) за составување на одговор на жалба, на адвокатот му припаѓа 50% од износот на наградите од став 1 на овој тар. бр.

Во колку адвокатот застапува две или повеќе странки, му припаѓа зголемување на наградата од 10% за второта и секоја натамошна странка.

## VI. НАГРАДА ЗА РАБОТА ВО ИЗВРШНА ПОСТАПКА

Тар. бр. 18

На адвокатот му припаѓа за составување:

1) предлог за дозвола за извршување, предлог за издавање на привремена наредба, приговор против решение за дозвола за извршување, како и за предлог за противење на издадена привремена наредба — 50% од износот на наградата од тар. број 11, ст. 1, 3 и 4,

2) останати поднесоци — 25% од износот на наградите од тар. бр. 11, ст. 1, 3 и 4.

Тар. бр. 19

За застапување на рочиште, на адвокатот му припаѓа награда од тар. бр. 11, ст. 1, 3 и 4.

Тар. бр. 20

За составување на правни лекови (редовни и вонредни), на адвокатот му припаѓа награда од тар. бр. 18, т. 1.

## VII. НАГРАДА ЗА РАБОТА ВО ЗЕМЈИШНО-КНИЖНА ПОСТАПКА

Тар. бр. 21

На адвокатот му припаѓа за составување:

1) предлог на основа кој се одлучува за упис — 50% од износот на награда од тар. бр. 11, ст. 1,

2) предлог на основ кој се одлучува за упис или бришење на уписот од непроценлива вредност од 30 до 50 дин.

3) останати поднесоци — 25% од износот на награда од тар. бр. 11, ст. 1.

Награда од овој тар. бр. му припаѓа на адвокатот и за составување на соодветни поднесоци во постапката за упис во таписки книги, за издавање и пренос на тапија.

Тар. бр. 22

За составување на правни лекови (редовни и вонредни), на адвокатот му припаѓа награда од тар. бр. 21, ст. 1.

## VIII. НАГРАДА ЗА РАБОТА ВО СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Тар. бр. 23

На адвокатот му припаѓа награда за составување:

1) на предлог за покренување на стечајна постапка, како и за предлог за порамнување вон стечај — 50% од износот за награда од тар. бр. 11, став 1,

2) останати поднесоци кои содржат чињенични наводи или образложени предлози — 50% од наградата од т. 1 на овој тар. бр.

3) пријави за побарувања — 50% од износот на наградата од т. 1 на овој тар. бр.

Тар. бр. 24

За застапување на рочишта за испитување на барања и на рочишта за делба, на адвокатот му припаѓа на име награда 50% од износот на наградата од тар. бр. 11, ст. 1.

Тар. бр. 25

За составување на правни лекови (редовни и вонредни), на адвокатот му припаѓа 50% од износот на наградата од тар. број 11, став 1.

## IX. НАГРАДА ЗА РАБОТА ВО ПОСТАПКАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Тар. бр. 26

На адвокатот му припаѓа награда за составување:

1) за поднесок со кој на основа на акт за основање, се врши упис во регистарот на стопанските организации 50 дин.,

2) за поднесок на основа кој се врши упишување на акти за конституисање или се врши промена на упис во регистарот 50 дин.

Тар. бр. 27

За составување на правни лекови (редовни и вонредни), на адвокатот му припаѓа награда од 50 дин.

## X. НАГРАДА ЗА РАБОТА ВО УПРАВНИ И УПРАВНО-СМЕТКОВНИ СПОРОВИ

Тар. бр. 28

За составување на тужби, одговори на тужби и поднесоци, кои ги содржат чињеничните наводи и правно образложение, како и за предлог за заштита на уставот, утврдено право на самоуправување, на адвокатот му припаѓа:

1) по проценливи предмети — како за составување на тужба од тар. бр. 11, ст. 1,

2) за непроценливи предмети од 30 до 60 динари.

Тар. бр. 29

За застапување на расправи, на адвокатот му припаѓа награда како и за составување на тужби од тар. бр. 28, т. 1 и 2.

Тар. бр. 30

1) за составување на жалба, на адвокатот му припаѓа награда:

а) по проценливи предмети — како за составување тужба од тар. бр. 11, став 1,

б) по непроценливи предмети од 30 до 60 динари.

2) за составување одговор на жалба — 50% од износот на наградата од став 1 на овој тар. бр.

3) за составување на жалби во сметководно-стопанските спорови, на адвокатот му припаѓа награда од 50 до 150 динари во непроценливите спорови.

## XI. НАГРАДА ЗА РАБОТА ВО ПОСТАПКАТА ПРЕД УСТАВНИОТ СУД

Тар. бр. 31

На адвокатот му припаѓа награда:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1) за составување поднесок, со кој се покренува постапката пред уставниот суд | од | 50 | до | 200 дин. |
| 2) за застапување на расправи пред уставниот суд | од | 50 | до | 200 дин. |

## XII. НАГРАДА ЗА РАБОТА ВО УСТАВНА ПОСТАПКА

Тар. бр. 32

На адвокатот му припаѓа награда за составување:

| | | |
|---|---|---|
| 1) на поднесок со кој се покренува управна постапка, како и за поднесок со чењенични наводи и образложени предлози | до | 50 дин. |
| 2) на останати поднесоци и едноставни поднесоци, со кои се покренува управна постапка | | 10 дин. |

3) на даночни пријави на основа податоци од книгата која даночниот обврзник е должен да ја води или од други евиденции, кои даночниот обврзник ги води, по царински и девизни предмети, како и во постапката за експропријација, како по тар. број 11, став 1. Основицата за пресметка ја сочинува вкупниот приход одн. вредност на имотот, кој што е предмет на експропријација или оцаринување.

Тар. бр. 33

На адвокатот му припаѓа награда за составување:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1) жалби, предлог за покренување захтев за заштита на законитоста и предлог за обнова на постапката | од | 20 | до | 50 дин. |

2) поднесоци од т. 1 во даночни, царински, девизни предмети, како и во постапката за експропријација, награда како по тар. број 32, т. 3.

## XIII. НАГРАДА ЗА РАБОТА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ПРЕКРШОЦИ

Тар. бр. 35

Во постапката за прекршоци, на адвокатот му припаѓа награда:

1) за составување на:

а) пријава, со која се покренува постапка и останати поднесоци од 10 до 20 дин.

б) жалби против решенија на царински или девизни прекршок, награда како по тар. бр. 34, т. 2.

ц) жалби против останати решенија за прекршоци од 20 до 50 дин.

2) за одбрана на претрес од 20 до 50 дин.

Кога адвокатот брани повеќе лица, му следува зголемена награда од 50% за второто и секое натамошно лице.

## XIV. НАГРАДА ЗА РАБОТА ВО ПОСТАПКАТА ЗАРАДИ ПОВРЕДА НА РАБОТНИ ДОЛЖНОСТИ

Тар. бр. 36

Во постапката заради повреда на работни должности, на адвокатот му припаѓа награда:

1) за одбрана од 20 до 40 дин.
2) составување жалби од 20 до 40 дин.
3) за образложени поднесоци 20 дин.
4) за други поднесоци 10 дин.

Кога адвокатот брани повеќе обвинети, се применува последниот став од тар. број 35.

## XV. НАГРАДА ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ИСПРАВИ

Тар. бр. 37

1) за составување на договор, на адвокатот му припаѓа награда према вредноста на предметот, како по тар. бр. 11, ст. 1,

2) за составување на еднострани и имовински изјави, према вредноста на предметот — 50% од износот на наградата од тар. бр. 11, ст. 1, а најмалку 50 динари.

3) за составување на изјави за последна волја од 30 до 100 дин.

4) за составување на други изјави или исправи по непроценливи предмети од 20 до 50 дин.

За составување на трошковник, полномошна со кои странката го овластува адвокатот за застапување, како и за повлекување на полномошно, на адвокатот не му припаѓа награда.

За составување едноставни договори, на адвокатот му припаѓа 50% од износот на наградата од тар. бр. 11, став 1.

Како едноставни договори, нарочно се сметаат договори, кои се составуваат на формулари — типски договори и трговски заклучници.

По овој тар. бр. на адвокатот му припаѓа награда и ако договорот е склучен по повод издавање и пренос на тапија.

## XVI. ЗАЕДНИЧКИ ТАРИФНИ ОДРЕДБИ

### Правни совети и мислења

Тар. бр. 38

На адвокатот му припаѓа награда:

1) за секој усмен правен совет и мислење до 10 дин.
2) за писмен совет и мислење од 10 до 50 дин.
3) за писмени правни мислења во сложени предмети, со чињенични наводи и правно образложение од 50 до 100 дин.

За усмени правни совети и мислења, наград на адвокатот не му припаѓа, ако адвокатот се примил за застапување по истиот предмет.

За писмени правни совети и мислења, на адвокатот му припаѓа награда, само ако странката барала од адвокатот писмен совет или мислење.

За писмен правен совет или мислење, кое по барање на странката е дадено на туѓ јазик, на адвокатот му припаѓа и надомест за превод, спрема наградите на постојаните судски преведувачи.

### Учествување на конференции

Тар. бр. 39

За учествување на конференции и состаноци, на кои се расправа за чињенични и правни прашања, на адвокатот му припаѓа награда, за секој започнат час, во износ од 20 динари.

### Награда за присуствување на претреси, расправи и рочишта

Тар. бр. 40

На адвокатот му припаѓа на име надомест за присуствување на претреси, расправи, рочишта и увиѓаи во сите постапки за секој започнат час по 10 дин.

Награда од овој тар. бр., која му припаѓа на адвокатот, се смета од времето кога е рочиштето закажано во поканата, па до завршување на расправата-претресот.

Награда од овој тар. бр. му припаѓа на адвокатот за состанок со обвинетиот и за присуствување на извидните работи во претходната кривична постапка, како и за секое присуствување на претрес, расправи, рочишта, извиди или вештачења, без оглед дали му се признава и посебна награда за застапување, односно одбрана.

### Разгледување на списи

Тар. бр. 41

1) на адвокатот му припаѓа на име награда за преглед и разгледување на списи во сите постапки, земјишни книги, регистри и други јавни книги, за секој започнат час по 10 дин.

2) за утврдување на правоснажност на пресуда, платен налог и решение, како и за вадење на извод од земјишни книги и извод од регистарот на стопански организации, на адвокатот му припаѓа награда во износ од 5 дин.

### Опомена

Тар. бр. 42

За составување на опомена на противната странка да плати одреден износ или исполни некоја обавеза, на адвокатот му припаѓа награда во износ од 5 дин.

### Најмал износ на награда

Тар. бр. 43

Награда за некои работи, одредени со оваа тарифа, не може да изнесува помалку од 5 динари, освен случајот од тар. бр. 44 ст. 1.

**Паушален износ за споредни работи**

Тар. бр. 44

За преписи на прилози кон тужба, жалба и др., на адвокатот му припаѓа награда во висина од 3 дин. за секоја страница.

За сите споредни работи, обврски во сите постапки (собирање на информации, известување за рочишта и претреси, коресподенција, препишување на прилози, предавање на поднесоци на суд и тн.), на адвокатот му припаѓа награда во износ од 15% од вкупниот износ на наградата, одредена со оваа тарифа.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа тарифа влегува во сила кога со неа ќе се согласи Извршниот совет на Македонија, а ќе се применува од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

---

**38.**

Врз основа на членот 9 став 2 од Основниот закон за безбедноста на сообраќајот на јавните патишта („Службен лист на СФРЈ" бр. 14/65), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА И РЕГУЛИРАЊЕТО НА СООБРАЌАЈОТ КОИ МОЖАТ ДА ГИ ВРШАТ РАБОТНИЦИТЕ НА МИЛИЦИЈАТА

Член 1

Во местата и на патиштата каде контролата и регулирањето на сообраќајот не ги вршат работници на сообраќајната милиција, ниту сообраќајни милиционери во состав на станиците на милицијата, работите на контролата и регулирањето на сообраќајот на патиштата, контролата над возачите и другите учесници во сообраќајот, како и контролата на возилата, освен работите од техничката контрола на моторните и приклучни возила, ги вршат работниците на станиците на милицијата.

Член 2

Во местата и на патиштата каде контролата и регулирањето на сообраќајот го врши сообраќајната милиција и сообраќајните милиционери во состав на станиците на милицијата, работниците на станицата на милиција ги вршат следните работи на контролата и регулирањето на сообраќајот на патиштата одредени со Основниот закон за безбедноста на сообраќајот на јавните патишта, и тоа:

1. Непридржување кон одредбите за положбата и движењето на возилата на коловозот (чл. 26 до 28);

2. Непридржување кон правилата за скршнување (член 32) и за првенство на минување на возилата (член 33);

3. Непридржување кон одредбите за начинот на престигнување (чл. 35 до 38) и оневозможување престигнување со поместување надесно или со зголемување на брзината додека другото возило го престигнува (член 39);

4. Недавање светлосни или звучни знаци кога тоа го бараат причините на безбедноста на сообраќајот, или давање непрописни звучни знаци (член 40);

5. Непридржување кон одредбите за запирање или паркирање на возило (член 41 ст. 1 и 2 и член 42); непрописно отворање на вратата на возилото (член 41 став 3); непреземање мерки со кои би се спречило тргнувањето на возило само од местото на кое е оставено, или ставање во движење од неовластени лица (член 43); запирање односно паркирање возило на место на кое е забрането запирање или паркирање (чл. 44 и 45); запирање на возилото на коловоз од патот надвор од населба, иако постои можност за запирање надвор од коловозот; непреземање потребни мерки запреното возило да не ги доведе во опасност другите возила до колку таквото запирање било неопходно (член 46); неотстранување од коловозот, а по потреба и непреместување возилото на друго место кое на јавен пат е паркирано на место на кое тоа претставува непосредна опасност или особена пречка за сообраќајот (член 48);

6. Неправилно пресечување на колона на пешаци (член 49);

7. Непридржување кон правилата за влечење на приколка на моторцикл (член 50 став 2);

8. Превозување поголем број лица отколку што е тоа дозволено (чл. 51 и 52).

Контролата на бројот на лицата што се превозуваат со автобуси може да се врши само на автобуските станици;

9. Непридржување кон одредбите за употреба на светло за осветлување на патот, на светло за обележување на возилото или на посебни светла за магла (член 54); необележување на запрено односно паркирано моторно возило ноќе, или при намалена видливост со соодветни светла, или необележување на пропишан начин (чл. 55, 57 и 58) и немање на пропишан знак за обележување на запрено возило на коловоз (член 57 став 3 и член 58);

10. Непридржување кон одредбите за движење со велосипед по пат (член 60) и управување велосипед кој ги нема пропишаните светла односно светлосните ознаки за означување на возилото, или за осветлување на патот (член 61 став 1);

11. Неуправување на запрежно возило кое се движи по пат, или оставање на такво возило на пат без надзор (член 62) и управување запрежно возило кое ги нема пропишаните светла односно светлосните ознаки за означување на возилото (член 63);

12. Непридржување кон одредбите за правилно движење на пешаците на пат (чл. 64 до 66);

13. Несопирање возило на крстосница на која сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци при појавата на црвено или жолто светло, или постапување противно на значењето на одделни светлосни знаци при управувањето со возилото (чл. 67 и 68);

14. Непридржување кон одредбите за преминување на патен премин преку железничка пруга (чл. 69 до 71);

15. Непридржување на правилата за сообраќај по автопат или по пат резервиран само за сообраќај на моторни возила (член 72 и член 74

став 2), или изведување со возилото забранети дејствија (член 73 и член 74 став 1);

16. Изведување забранети дејствија со возило на дел од пат низ тунел (член 76) и недржење запалени светла за обележување на возилото односно за осветлување на патот додека се движи низ тунел (член 77);

17. Непреземање мерки при средба со возило со право на првенство на минување, заради пропуштање на тоа возило (член 79 став 2);

18. Превозување на други лица истовремено кога се врши и превоз на опасни материи (член 83 став 1), или оставање на пат без надзор возило со опасни материи (член 83 став 2);

19. Необележување со сообраќајни знаци местото на кое се изведуваат работи на пат (член 110 ст. 1 и 2) и неотстранување на поставените знаци по завршувањето на работите (член 110 став 3);

20. Одземање на возачка дозвола на возач кој ќе се затече или ќе се обиде да управува со возило, а е очигледно под влијание на алкохол (член 123);

21. Оптоварување на возило над неговата носивост, или превозување товар сместен на непропишан начин, или товар што ја надминува должината односно широчината на возилото, а при тоа не е прописно означен (член 140) и преземање мерки кога товарот е непрописно сместен, или недоволно обезбеден, или кога товарот се превозува без дозвола (член 141);

22. Управување моторно возило на кое се истакнати регистарски таблици на непропишан начин, или не се видливи и читливи (член 145 став 4).

Член 3

Работниците на милицијата од членот 2 на овој Закон ги вршат и следните работи на контрола и регулирањето на сообраќајот на патиштата одредени со Законот за мерките за безбедност на сообраќајот на јавните патишта, и тоа:

1. Превозување на лица на товарно моторно возило во просторот за сместување на товар без одобрение од надлежниот орган (член 6); на број поголем од определениот во одобрението (член 8) и на релација која не е наведена во одобрението (член 9), како и групен превоз на деца до 14 години (член 12);

2. Превозување на поголем број работници од дозволениот во тракторска приколка и на лица кои не се работници за товарање и растоварање (член 10);

3. Непридржување кон правилата за движење на велосипеди, велосипеди со помошен мотор и моторцикли (чл. 14 до 18); за движење на запрежните возила (чл. 19 и 21 до 24) и за движење на добитокот (член 25).

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 23-13309/18-65 | Републички секретар |
| 5 март 1966 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | **Коча Битољану**, с. р. |

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред Окружниот суд во Куманово подигнат е спор поради развод на бракот од страна на тужителката Даринка Димитриевиќ, родена Марковиќ, од Куманово, улица „27 март" број 5, Општина Куманово, против тужениот Димитриевиќ Стојан, од Старо Нагоричане, а сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Стојан во рок од триесет дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да ја достави својата точна адреса или да се јави лично. Доколку во овој рок не ја посочи својата адреса или не се јави во судот ќе му биде одреден застапник кој ќе го застапува на негови трошоци.

Од Окружниот суд во Куманово, П. бр. 11/66 (18)

---

Пред Окружниот суд во Куманово подигнат е спор поради развод на бракот од страна на тужителот Јанчевски Младен од Вор, против тужената Јанчевска Богдана, од село Дренак, Општина Кратово, а сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужената Богдана во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да ја достави својата точна адреса или да се јави лично. Доколку во овој рок не ја посочи својата адреса или не се јави во судот ќе му биде одреден застапник, кој ќе го застапува на негови трошоци.

Од Окружниот суд во Куманово, П. бр. 313/65. (19)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ШТИП

Пред Општинскиот суд во Штип подигната е оставинска постапка по оставината на пок. Димко Мијалков Кимов, поранешен работник од Штип.

Се поканува наследничката Верица Блажова Мијалкова, од град Штип, а сега со непознато пребивалиште во Франција, да се јави во Општинскиот суд во Штип, за давање наследничка изјава во рок од една година од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ". Во противно оставината ќе се расправи во нејзино отсуство.

Од Општинскиот суд во Штип, О. бр. 11/65. (17)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 269, страна 1017, книга III, е запишан под фирма: Угостителска работна организација „Македонија турист" од Скопје — Ресторан во село Петровец. Предмет на работењето на ресторанот е: служење на разни топли и ладни јадења, точење на сите видови алкохолни и безалкохолни пијалоци, давање услуги за ноќевање и продажба на: цигари, разгледници и сувенири.

Ресторанот е основан од работничкиот совет на Угостителската работна организација „Македонија турист" — Скопје, а согласно со решението на Собранието на општината Кале — Скопје број 04-8762 од 24. IV. 1965 година.

Раководител на ресторанот е Мацовски Васил.

Ресторанот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 358/65. (1042)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 905, страна 273, книга IV, е запишана под фирма: Фабрика за конзерви „Пелагонија" од Битола —

Погонска единица „Вардар" — Скопје. Предмет на работењето на погонската единица е: конзервирање овошје и зеленчук, производство и овошни сокови, супи и готови јадења.

Погонската единица е основана од Работничкиот совет на Фабриката за конзерви „Пелагонија" — Битола, со заклучокот од одржаната седница од 7. VI. 1965 година.

Раководител на погонот е инженер Диме Димовски, в. д. раководител.

Погонската единица ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 498/65. (1043)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 16, страна 61, е запишана под фирма: „Банат" претпријатие за производство на сточна храна и промет на сточна храна, жита, грав и ориз и производи од мелничка индустрија од Скопје — Работна единица трговија во Скопје со посебна жиро сметка при банката. Предмет на работењето на работната единица е: продажба на житарици, брашнени производи, сточна храна, како и набавка на наведените стоки.

Работната единица е основана од Работничкиот совет на „Банат" — Скопје, со одлука број 2522 од 26. VI. 1965 година.

Работната единица трговија ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Скалов Алексов Душан, раководител, Христовски Санде, директор на претпријатието, Илија Алексов Трајковски, пом. директор, и Петко Бисо Бисовски, шеф на сметководството, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 416/65. (964)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 169, страна 441, е запишан под фирма: Градежно претпријатие „Пелагонија" од Скопје — Работнички ресторан во Скопје, улица „464" (со посебна жиро сметка). Предмет на работењето на ресторанот е: ќе припрема храна и ќе продава пијалоци на работниците од градилиштата на претпријатието во Скопје.

Работничкиот ресторан е основан од Работничкиот совет на Градежното претпријатие „Пелагонија" — Скопје, со одлука број 6640 од 1. VI. 1965 година.

Работничкиот ресторан во Скопје ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Денков Трајко, управник, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 410/65. (965)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 191, страна 509, книга I, е запишана под фирма: Претпријатие за производство на огревен и градежен материјал „Огрев" од Кавадарци — Продавница во село Росоман. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на огрев, градежен цемент и друг градежен материјал и намештај.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието „Огрев" — Кавадарци, а согласно со решението на Собранието на општината Кавадарци број 05-4011/1 од 12. VI. 1965 година.

Раководител на продавницата е Кузманов Дуко Нако.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

